Врз основа на член 27 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04....209/18), Советот на општина Богданци на седницата одржана на 25.12.2019 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2020 година**

Со буџетскиот календар за 2020 година се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на општина Богданци како што следува:

1. Општинските буџетски корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот доставуваат до Градоначалникот месечни извештаи за извршувањето на финансиските планови (на пример до 15 фебруари, месечен извештај за извршувањето на планот за месец јануари);
2. Најкасно до 28 февруари 2020 година Градоначалникот ја доставува на разгледување на Советот на општина, годишната сметка за 2019 година;
3. Советот на општината ја донесува годишната сметка на буџетот на општината најкасно до 15 март 2020 година;
4. Градоначалникот, годишната сметка која е усвоена од Советот на општината ја доставува до Министерство за финансии најдоцна до 31 март 2020 година;
5. Градоначалникот доставува квартални извештаи до Советот на општината и до Министерството за финансии во рок од 1 месец по истекот на кварталот ( за периодот јануари-март се доставува квартален извештај најдоцна до 30 април);
6. Градоначалникот врз основа на буџетскиот циркулар ги известува буџетските корисници за насоките за изготвување на финансиските планови за 2021 година најкасно до крајот на октомври 2020 година;
7. Буџетските корисници ги доставуваат своите финансиски планови за 2021 година во текот на месец ноември 2020 година до Градоначалникот и истите треба да бидат вметнати во буџетот на општината за 2021 година;
8. Градоначалникот го доставува буџетот на општината за 2021 година до Советот на општината на разгледување најдоцна до средината на месец декември 2020 година;
9. Советот на општината најдоцна до 31 декември 2020 година треба да го донесе буџетот на општината за 2021 година.
10. Градоначалникот му предлага на Советот на општината измена и дополнување на буџетот или ребаланс во зависност од потребите доколку постои отстапување во планирањето на приходите и расходите се со цел непречено извршување на работата најдоцна до 15 ноември 2020 година.

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Богданци", а ќе се применува од 01 Јануари 2020 година.

**Бр.08-2124/22**
**25.12.2019 год.**
**Богданци**

**Председател**
**на Совет на Општина Богданци**
**Драгица Ѓавочанова**